ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ

Платформа за изведувачки уметности



ПРВО ПА ЖЕНСКО

фестивал за феминистичка култура и акција

Платформа за изведувачки уметности

ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ

ПРВО ПА ЖЕНСКО

Фестивал за феминистичка култура и акција

ПРАВЕЊЕ ТЕАТАР[1] ФЕМИНИСТИЧКИ

Како единствен фестивал на феминистичката култура и активизам во земјата, ПРВО ПА ЖЕНСКО во својата интердисциплинарна програма обединува разновидни пристапи во промислувањето и репрезентацијата на родот во уметноста и критичките пракси, низ кои се преиспитуваат доминантните наративи, се оспоруваат стереотипите и се одржува инклузивниот простор каде гласовите на различните малцинства стануваат дел од мејнстримот. Клучната цел на изведувачката програма на ПРВО ПА ЖЕНСКО отсекогаш била да се поттикне домашната изведувачката сцена, и на неа да гледаме почесто, посвесно и посмело поставување на женското искуство, преиспитување на конструираниот женски идентитет и интерпретирање на личното како политичко. Позицијата која Фестивалот низ годините ја достигна во домашниот контекст, отвори перспективи, покрај претставувачкиот, да се размислува и за образовен и продукциски аспект на програмата. Оттука, воспоставувањето на платформата ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ[2] е определба на ПРВО ПА ЖЕНСКО да отвори дополнителен простор за учење, но и за создавање во полето на феминистичките перформанс, театар и современ танц. Остварувањето на ваквата определба го катализираше Ковид пандемијата која брутално ги зајакна традиционалните динамики на моќ и хиерархии втемелени во изведувачките пракси, нанесувајќи длабок удар на и онака прекаријатната положба на независните уметници и културни работнички и работници. Како клучно, се наметна прашањето како да се уреди изведувачка програма на феминистички фестивал во услови во кои изведувачките уметности, онакви какви што ги знаевме, повеќе не беа возможни. Во тие услови, целосно исчезнаа ограничените можности за жените уметници активни во полето на изведувачките уметности, додека и онака несоодветната поддршка од релевантните институции стана безначајна. Немаше смисла и понатаму да се прикажува феминистички театар создаден во услови за кои локалната независна сцена може само да сонува. Стана јасно дека е неопходно да се поддржи создавањето театар во бруталните околности кои го условија одново да се промисли/ измисли.

Поаѓајќи од феминистичките вредности во кои е втемелено ПРВО ПА ЖЕНСКО, решивме да воспоставиме целовит систем за поддршка на најпогодените, преку практикување солидарност и учење една од друга, но и преку преиспитување на динамиките и отфрлање на хиерархиите втемелени во конвенционалниот театар како пристапи во изведувачките пракси кои водат до нови форми. Ресурсите што ги имавме на располагање ги структуриравме и споделивме со цел создавање оптимални можности за творечка работа за две жени уметници од локалната независната културна сцена активни во полето на изведувачките уметности.

Актерката Ангела Стојановска од Куманово и танчерката Јована Зајкова од Скопје беа избрани низ транспарентен процес. Пристигнатите апликации на отворениот повик беа оценувани преку однапред утврдени критериуми - јасна родова перспектива како предмет на уметнички интерес, отвореност за изрази кои отстапуваат од конвенционалните/традиционалните, познавање, разбирање и подготвеност за работа во услови специфични за независната културна сцена. Како дополнителен критериум платформата требаше да биде ретка можност за нивно професионално делување и авторско творештво. Од јуни до ноември, тие работеа на развој на своите перформанси, при што имаа можност да изберат и вклучат соработници, а за трудот и знаењето им беше обезбеден соодветен надомест. Во сите фази на креативниот процес, тие имаа постојана поддршка од кореографката и изведувачка Викторија Илиоска, театарската режисерка Билјана Радиноска, и двете редовни соработнички на ПРВО ПА ЖЕНСКО. Од самиот почеток беа информирани за продукцискиот буџет и просторните услови за да можат да планираат и да носат соодветни одлуки, а имаа и обезбеден простор и техничка поддршка за редовни проби.

Во рамки на програмата, ги проследија и предавањето на теоретичарката на култура и практичарка Валерија Грациано, и истражувачката и критичка теоретичарка Џулиа Паладини, како и разговорот со визуелна уметница и изведувачка Оља Грубиќ. Обете настани беа отворени за поширокатa професионална публика, со цел да се надомести недостатокот на родова перспектива во формалното образование во областа на уметностите. За да ги споделат перформансите со публиката уште во фазата на создавање, а искуството на таа размена да го насочи понатамошниот развој на креативниот процес на Ангела и Јована, беше организирана и отворена проба на Факултетот за драмски уметности, УКИМ во Скопје. Овој настан беше и прилика за да се промовира споделувањето на уметничките практики кое, иако изобилува со потенцијал за дестабилизирање на уметничкиот status quo, е толку ретко во нашиот локален уметнички контекст.

Долгогодишниот поддржувач на изведувачката програма на ПРВО ПА ЖЕНСКО, Меѓународниот театарски фестивал „МОТ“, во програмата на своето 46-то издание резервираше посебен простор за премиерите. Во финалната фаза на извршнате продукција, Ангела и Јована имаа постојана поддршка од продуцентката Емилија Чочкова и тимот за техничка реализација. Закажаните премиери на фестивал со релевантност каква што има МОТ беа дополнителен мотив, но и признание за нивната промислена и посветена работа. Реакциите на публиката на изведбите на авторските перформанси „СРАМ“ и „ЈОВАНО, ЈОВАНКЕ“ потврдија дека претставувањето на женските чувства и искуства без сентиментализации ами од политичка позиција, ветува нов театар кој ни е толку многу потребен.

Одлуката за трансформирање на изведувачката програма на ПРВО ПА ЖЕНСКО во платформа за изведувачки уметности, ја доби својата вистинска смисла благодарение на тоа што Ангела и Јована, но и сите вклучени во и околу нивните процеси на создавање, од самиот почеток се определија да бидат интригирани од *родот како историски конструкт под притисок*[3] и *родот како инхерентно перформативен*[4]. Во својата уметничка работа, се обврзаа на радикална ранливост и на одучување од конвенците кои навидум нудат сигурност, а всушност го оневозможуваат проникнувањето во установените рамки. Препознавајќи ги креативните потенцијали на *здружувањето без хиерархија*[5], тие ја искористија својата авторска позиција за да ги споделат привилегиите што таа им ги овозможи - да создаваат во атмосфера на рамноправност, сигурност и заедништво.

На крајот на првиот од многуте циклуси кои ѝ ги посакуваме во иднина, благодарение на Ангела, Јована, нивните соработници и сите вклучени, Платформата за изведувачки уметности ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ има смисла зашто на неа театар се прави феминистички. А само феминистички, односно преку напуштање на конвенционалните начини на создавање, втемелени на динамики кои ја одржуваат традицијата на нееднаквост и неправичност, е можно навистина да се создаваат уметнички автентични форми во полето на изведувачките уметности, да се комуницираат општествено релевантни теми и да се биде суштествена алтернатива на тоа што и како се игра на институционалните сцени. Правењето театар феминистички е пат до театарот кој ни е толку многу потребен.

—

Кристина Леловац,
уредничка на изведувачката програма на ПРВО ПА ЖЕНСКО и на платформата ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ

Кристина Леловац е актерка, изведувачка и вонредна професорка по актерска игра на УКИМ ФДУ - Скопје. Настапува во независни театарски продукции и соработува на интердисциплинарни уметнички проекти во областа на изведувачките уметности. Членка е на неколку активистички иницијативи и една од основачките на фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО.

[1] „театар" во текстот се користи како синоним за изведувачките уметности, обединувајќи ги перформансот, современиот театар и танц.
[2] насловот е инспириран од терминот воведен од Тања Л. Шилдс (Tanya L. Shields) драматург и професорка на Одделот за женски и родови студии на Универзитетот на Северна Каролина, САД во нејзиното дело од 2014 "Bodies and Bones: Feminist Rehearsal and Imagining Caribbean Belonging"- Феминистичката проба е методолошки пристап во читањето текстови кој промовира поливалентни читања и ставање на родот во преден план, поттикнува заедништво и градење консензус низ конфронтација со преплетените истории на знаење, моќ и слобода (feminist rehearsal defined as a methodological approach to reading texts that promotes multivalent readings and foregrounds gender, encouraging unity and consensus building through confrontation with overlapping histories of knowledge, power, and freedom.)
[3] Rajnelt, Dzanel (2012) POLITIKA I IZVODJACKE UMETNOSTI. (Feministička pozorišna teorija i kritika). Beograd: Univerzitet umetnosti u Beogradu Fakultet dramskih umetnosti i Studio - Laboratorija izvodjackih umetnosti
[4] Butler, Judith (1990) GENDER TROUBLE: FEMINISM AND THE SUBVERSION OF IDENTITY. London: Routledge
[5] Irigarey, Luce (1985) THIS SEX WHICH IS NOT ONE. Ithaca & New York: Cornell University Press



СРАМ

Авторка и изведувачка: Ангела Стојановска
Соработници: Милош Б. Андоновски, режисер и Ева Камчевска, драматург
Креативна поддршка: Викторија Илиоска и Билјана Радиноска
Извршна продуцентка: Емилија Чочкова
Сценографија: Мартин Манев
Костим: Раде Василев
Техничка поддршка: Филип Христовски

Ова е моето простување со срамот од моето тело, од храната, од живеењето во оваа земја. Срамот кој сум го негувала долго време, срам кој понекогаш не е лично мој и доаѓа од постапките на другите. Ова е моето прифаќање, заблагодарување и раскрстување со срамот. Време е срамот да оди кај некои други луѓе.

Премиера: 03.12.2021, Кино Фросина, МКЦ

Ангела Стојановска има дипломирано актерска игра на Факултетот за драмски уметности, Скопје во 2015 година. Активно работи на независната театарска сцена и е една од ко-креаторите на Самоглас - првата платформа за аудио книги на македонски јазик. Има играно во: „Арт" – Куманово, 2021, „Вообразен болен" - Куманово, 2021, „Иднината е приватна" – МКЦ 2020, „Без авторски права" – Кино Култура 2019, „Каменот" – ФДУ 2019, „ТВ Бокс" – Скопски саем, 2016. Нејзините позначајни филмски проекти се: „Te dua, жими мене"- независна продукција 2019 и „Џон Вардар против Галаксијата", Lynx Studio, 2019, анимиран филм во кој го позајми гласот за главниот женски лик - Лили. Ангела има работено како проектен координатор во прифатно - транзитниот центар во Табановце, како дел од тимот на СОС Детско село. Има работно искуство во бизнис секторот и организирање на настани, но и во невладиниот сектор како театарски едукатор. Во 2021 се здоби со нејзината Педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје.



ЈОВАНО, ЈОВАНКЕ

Авторка: Јована Зајкова
Соработник во развојот на перформансот и кореографијата: Бобан Русески
Креативна поддршка: Викторија Илиоска и Билјана Радиноска
Изведувачи: Јована Зајкова и Бобан Русески
Извршна продуцентка: Емилија Чочкова
Музика: Terrafolk (SI)
Глас: Ангела Стојановска
Костим: Раде Василев
Шминка: Диме Блажевски
Техничка поддршка: Александар Јовановски

Ова е претстава за Јована - креативен, нефиктивен лик и мешавина од нејзините размисли и идеи. Наместо истите да ги пласира на социјалните мрежи, користејќи ги најновите и најмодерни филтри и ефекти, Јована одлучи да ги претстави на сцената. Сите вие, на кои ви се потроши батеријата на телефонот, ве заболе прстот од скролање или пак едноставно сакате во живо да ѕирнете во нечија туѓа интимност - ова е настан кој не би сакале да го пропуштите.

Премиера: 07.12.2021, Денсинг сала, МКЦ

Јована Зајкова е танчарка и кореографка. Дипломирала на универзитетот "Гоце Делчев" во Штип во 2020 година, во класата на проф. др. Рисима Рисимкин. Како стажистка на Скопје танцовиот театар, учествува во 18 продукции кои остваруваат преку 50 изведби на бројни фестивали во земјата и странство, . Во 2019 остварува студентска размена во "Кодартс" ("Codarts") танцовата академија во Ротердам. Во 2020 година, експериментира во полето на танц и видео и го кореографира своето соло "A tale of an idiot", инспирирано од цитат од "Магбет" - В.Шекспир, снимено на неколку локации низ Скопје. Во 2021 година го ко-основа анцовото здружение "Икс на квадрат" и се јавува како танчар и кореограф во краткиот перформанс "Demons and Fairies", како и во танцовата претстава "Парадоксот на Диоген", работена според истоимената драма на Томе Арсовски, на музика на Тодор Скаловски.



ИЗВЕДУВАЈЌИ ВО ИМАГИНАТИВНИОТ ПОГЛЕД

Да се зборува за претставите во контекст на платформата „Испробување феминистички иднини“ е предизвик, затоа што таа е конструирана со цел да поттикне и да понуди отскокнување од воспоставената парадигма на театарот, на сценските уметности, поддржувајќи ја перспективата на изведбени уметности која се институира низ ваквите практики, бришејќи граници на поставени дисциплини, нудејќи можност да гледаме и воспоставиме поинакви естетски и општествени доживувања. Гледањето низ оваа перспектива, дава можност од набљудувач да постанеш гледач чие гледање е “експлодиран поглед„ (Присташ, 2018)[1] или гледање на/во проблемот. Предизвикот е за мене овде да пробам да го претставам тој поглед кој бара повеќе од предетерминирано искуство базирано на когнитивна, и општествено формулирана перцепција туку бара „продуктивна имагинација“ (Цвејиќ, 2018)[2] која произведува оригинална репрезентација, идеи кои немаат искуствена содржина, или не доаѓаат од искуство, туку идеите продуцирани преку имагинација креираат услови за нови искуства. Односно, произведуваат нова реалност и промислување на/за/во сценските уметности, на/за/во театарот, и бара да се воспостави уметничка парадигма која е вон онаа канонизараната. Па така, овој предизвик нуди нова перспектива, каде преку текстот како медијација можам да го поставам и претставам мојот „поглед“ на авторските дела на Ангела Стојановска и Јована Зајкова, а текстот да го произведам преку продуцирање на имагинација, која нема да биде херметична во своето излагање, туку ќе се потруди да понуди јазик кој настанува во еден трет простор-вон канонизираниот поглед на уметноста, вон нормите, во комуникација на делото и „погледот“ на гледачот.

Овој поглед постои во искуството на гледачот, но не е условен од него, како што и не е предетерминиран во нормирани гледања на она што е театар, и што театарот во овој контекст го чини добар, односно кои се тие режисерски или актерски форми, гестови, читања и играња, или танчерски техники кои ќе го евалуираат едно дело како добро дело. Овде повеќе сакам да ја проблематизирам поетиката, односно процесот каде настануваат овие изведбени дела како танцов и театарски перформанс.

Ќе се обидам да објаснам како се продуцира имагинативен поглед или на некој начин, она што Горан Сергеј Присташ го нарекува „експлодиран поглед“, или/и „феминистички поглед“ (Дубљевиќ 2021, Џил Соловеј, 2017)[3], кој е „политичка пракса на уметноста која храбро и директно се занимава со токсичната мажественост и патријархатот“ (Дубљевиќ, 2021)[4] преку којшто ќе понудам феминистички пејсаж. Односно, ќе се обидам да изведам „драматургија на поглед“ на гледачот која се спротиставува на гледањето на дејството на женското

тело на сцената преку патријархално конструираниот и канонизиран „машки поглед“, а кој во нашиот контекст е длабоко и силно вгнезден во рамки на театарот и сценските уметности. Бидејќи ова не е есеј, нема да навлегувам во расчленување, деконструкција на понудените термини, или детално објаснување, но сепак ќе се потрудам да ги објаснам преку градење на тој „поглед“ низ постапки на исчитување, проблематизирање и мислење за и околу претставите, овде, во овој контекст.

Креирањето или некакво драматуршко градење на текстот преку овој “поглед” се надевам ќе придонесе во градењето на перспектива која пред сè го поставува телото на сцена и вон сцена низ анти-нормативна перспектива, а авторот го поставува нити како генијј, но и ниту како отпадник, туку како продуцент на концепти кои се развиваат во зависност од материјалните услови за работа. Оваа платформа каде се овозможува формирањето на ваква перспектива е и онаа која ги креира условите за работа кои недостасуваат, и дава потпора, или постанува „отскок“ од формулираното во креирањето на креативниот тек на овие две авторки, или oeuvre, кој не е втемелен врз театарските конвеции или воспоставената прагма, а се формира како дел од самиот процес на работа и во „погледот“ кој формира феминистички пејсаж каде се трансформира театарскиот диспозитив.

Веќе познатиот сценски диспозитив и конвенциите, како-се-гледа и што-се-гледа на сцена преку воспоставените норми на сцената предетерминира што гледачот треба да види, бидејќи е „истреniран“ да го гледа театарот како генератор на идеи и да го гледа светот како театарска рефлексија, а гледачот е нешто екстерно, како што тврди Сергеј Присташ, и е набљудувач. Тој вели дека манифестацијата на театарот ретко се дискутира, и дека во својата манифестација театарот го вклучува гледачот и неговото гледање, дури и на пробите, каде гледањето само се претпоставува и театарот почнува и пред „раѓањето на гледачот“. Исто така укажува дека „настанот на театарот за разлика од неговата претстава, има повеќе рефрактивен отколку рефлективен карактер“[5], како отклонувач на стилот на постоење на театарските чинители (agents) – гледачите и уметниците, место каде се креира потенцијалот за средба со другото, како медијатор, интерпретатор кој означува поинакво поставување на телата, мислите и објектите на сцена, и нивно изведување. А тоа се случува како што тој вели на две манифестации- театарот како институционална врска помеѓу публиката (јавноста) и уметниците (продуцентите), и театарот како поетски сет или сврзувач на гледачите и актерите во изведбата. Овде и во двете претстави, односно и двете авторки работат на тоа, односно поетскиот сет настанува во креирање на изведбата како сврзувач, каде се отклонуваат од нормализираните манифестации на сценската уметност, и даваат можност да се отвори изведбата во настанување или манифестиацијата во театарот која и во процесот креира нови материјални услови за создавање, и тоа преку понудената соработка – драматуршка, менторска, продукциска, организациска и со публиката.

Поставени се две дела кои не се рефлексија туку рефракција, и кои се поставени да воспостават простор за обмислување на општествените процеси и проблеми, работејќи со различните „режими на интерес“ како сет на услови кои го дефинираат полето на проблемот (Присташ, 2018). Рефракцијата настанува во проблемското поле со кои се бават авторките, преку разложување, раслојување и на моменти репетитивност, каде драматуршки се гради просторот во кој – нема да го пронајдеме светот кој се рефлектира, - туку ќе се одвоиме од него и ќе го трансформираме додека гледаме.

Двете претстави го градат феминистичкиот пејсаж, бавејќи се со женското тело, со нормите во кои тоа е формирано, деконструирајќи го проблемот на перцепција на тоа тело, преку прикази на негово отуѓување, односно што станува со него, со себе- си, доколку се приспои кон нормирањето. Се вплетуваат и прашањата околу воспоставувачите на нормите, односно кој ги креира, воспоставува а и кој ги презема, отелотворува; како тие доаѓаат од општествените институции, но, и на пример, од новите социјални заедници кои креираат сајбер-норми на ново тело или женското посакувано тело. Авторките креираат изведбени тела кои не можеме да ги сфатиме вонисториски и како природни објекти, туку тела на кои оставиле знак и отисок општествените предизвици, притисоци и норми од кои тие сакаат да се отклонат.

Ангела Стојановска за мене е активистка која се спротиставува на само-грижата, на хиперокупацијата со телото кое во некој излог од фитнес клуб врти точак, на хиперпродукцијата на супер тела, на возвишени и посакувани тела, каде како да се измешале само гени на супер -човекот, каде не се гледаат рабовите на неуспесите, траумите, каде сите хемии работат во корист на креирање на тоа посакувано тело кое е замислено за задоволство, а се откажува од многу задоволства во исто време. Тоа тело нема недостатоци, но сепак, како да е отсечено од себеси, како да работи во ритуализирање на картезијанската поделба на тело и ум, како да ритуализира дихотомичност. На сцена Ангела работи на многуслојно разложување на проблемот околу и за посакуваното (актерско) тело бавејќи се со темите на желба, имагинација, страст, интимност, срам. Зборувајќи за односот кон храната, или едно од задоволствата, таа зборува и за односот кон себе си и општеството, и за справување на субјектот кон насилството и нормите. Таа креирајќи една игра базирана на метафорично но и директно справување со изворот на фрустрациите, драматуршки гради простор каде ги соопштува нејзините фрустрации, како се соочува и справува со нив. За мене таа изразност гради афективност која ме трансформира во „експлодиран гледач“ кој продуцира имагинација за еден простор на отпор, на акција, на реконфигурација на општеството и општественото. Деконструирајќи го митот за телото и кон телото, ги детектираше институциите на моќ каде се формира нормата, а истата се одржува со цел да се одржи наметнатата хегемонијата. Таа ги парчосува тие извори на моќ со својата сензуалност, со својата имагинативност која задира во нормираниот систем низ кои гради топлина, дом, спокој, задоволност, и мир, но

во истиот момент го прекршува затоа што го втемелува во прифаќање на себе-си, на своето, инаквото, таквото тело кое тебе ти припаѓа, на ранливото тело кое не те прави „помалку“ како што вели таа. На сцена ја гледаме неа, убава, привлечна, со јасност во гласот, со раскошна коса, со одлична дикција и со истражување и знаење преточено во отпор иманентен на тоа тело, на неа. На сцена има и сет на „кујнски прибор“ каде работи, прави торта која е еден од производите на тоа тело во работа, во свое постоење, во движење на сцена. Но, подоминантно за мојот поглед односно-„продукциски апарат на имагинација“ е тоа како таа самосвесно се движи и освојува со својот отпор, со спокојот преку кој го кореографира просторот, и не е „помалку“, туку е целосна и присутна. Тоа тело не е актерско посакувано тело за „машкиот поглед“ патријархален и задоволен преку остварувањето на тие норми за тоа како треба да изгледа едно актерско тело на сцена, туку во овој контекст, таа го продуцира тој „експлодиран поглед“, оној кој нуди согледување, продлабочување, промислување, запрашување, прекршување, откривање, вдлабочување... поглед кој те менува, кој те одделува од репетитивната нормативна машина на производство на восхит кон посакуваното и возвишеното.

Јована Зајкова, од друга страна, не проблематизира директно, иако работи и со пантомими, технички конструкции на сцени, експлицитно дуетно кумулирање на сензитивното, препознаени перцепции на когнитивното, односно нормирано детерминирани ситуации како: куќа со маж и жена, жената во домот која чисти, собира работи (чорапи, облеки) од мажот, жена во високи штикли и мини сукња, маж и жена кои седат на кауч и грицкаат итн., туку гради ироничен преглед на нормираното како нормализирано. „Погледот“ овде се гради во антагонизмот, во борбата со себе-си - да не влезеш на сцена и да срушиш сè - односно се препрашуваш како да се исфрли сето акумулирано нормирано ѓубре таложено низ векови не само надвор од својот живот, туку од секое ново дело, а да не бидеш општествено анатемизирана, што сметам дека е и прашањето кое го наметнува и Јована. Таа вели или прашува – што е доволно, што е тоа што може да биде доволно?- работејќи на конструирање на слика за посакуваното тело, за она кое е одвоено од реалното, за она кое е прикажано или репрезентирано, обидувајќи се да прикаже различни ситуации во кои жената денес се наоѓа, или да ги опише општествените прилики кои налагаат како тоа тело треба да се формира, да биде, да изгледа. Таа не спротиставувајќи се на нормите ја формира таа слика на посакуваното, нормирано - се формира себе си во жена - слика за домот, за социјалните мрежи, за околината, за другите. И како ритуалност во текстов, со цел да нагласам, пак укажувам на нејзиното прашање околу тоа – што е доволно? - кога нормализираното не е нешто посакувано?

Па надополнувам прашувајќи се, вжлебувајќи се во проблематизирањето - Дали е доволно да си самодоволен, да имаш само-грижа, да имаш супер тело, да имаш слика на социјални мрежи од добар агол, односно да се имитираш себе си преку исполнување на потребите на општеството кое те вшмукува, или „доведува до едно мртвило и исклучување

од самите себе, нешто што Франкл го нарекува 'емотивна правосмукалка'" како што вели Јована. И на изненадување во мојата „продукција на имагинација" или феминистичкиот пејсаж на сцена, - таа одлучува да не биде сама, туку го вклучува и машкото тело кое на некој начин на моменти е декорација, приказ на патријархално поставениот маж во домот, но и поддршка која е метафорички решена, но и сценски вклопена во одржување на модернистичкиот поглед на односот на женското и машкото тело на сцена. И Јована и Бобан (кој не е само машко тело на сцена туку одличен изведувач) преку поставување на нивните тела како одлична медијација на танцови техники го исцртуваат просторот кој се преплетува од приватен во јавен, од имагинирана до реална слика, но и прикажуваат посакувани тела, тела кои се виртуозни, спремни, сплотени и взаемни. Произведувајќи иронични слики во рамки на форма на танцов- театар, и на моменти експресивен танц, Јована ги испрашува „доволностите" заедно со Бобан, преку нормиран дуалитет, или родово поставен субјект на сцена, кој е дел од оној систем во кој се гради оној „машки поглед" за посакуваната жена, совршената и за „погледот на општеството" кое е втемелено во својот патријархален пепел бил тој во театар или во сајбер простор.

И двете дела прават секцирање на „постмодерниот корпорализам" (Јувин, 2005)[6] зборувајќи за она што тој претставува, од индустријата за убавина и здравје, барање и воспоставување на начини на живот базирани на задоволство без ризик, на посакувана телесност и фобично залагање да го постигнеме очекувањето на другите. Делата овозможуваат во својот поглед да ја реформираме таа фобичност и преку процесот на продукција, и преместување на „режимот на интереси". Преместувањето на „режимите на интереси" го прави проблемот видлив, но не привилегира одреден поглед, односно ја преместува позицијата на објективен гледач во гледач кој може да формира „имагинативен поглед" кој е контекстуално одреден, не е базиран на искуствата на виденото, на прифатеното, и нормализираното, туку дава можност за имагинација, за додатно промислување за она што сме виделе, поглед кој се задлабочува, кој е анти-нормативен, поглед кој постанува одговорен и критичен.

Оваа платформа, авторките и нивните претстави дадоа голем придонес, не само во реформирањето на театарскиот и танцовиот диспозитив во оној на изведбени уметности, преку деконструирањето на каноните на сцена и на оние во „погледот" на гледачот, туку придонесоа и во создавањето и формирањето на нов простор каде може да се продуцира имагинација, каде се проблематизира, и се формира „ имагинативен поглед" кој гради афекти каде се реформира општественото, односно се формира еден нов феминистички пејзаж.

—

Биљана Тануровска - Ќулавковски

Биљана Тануровска - Ќулавковски е културна работничка, кураторка на изведбени уметности, дел од независната уметничка/ културна сцена во Македонија. Таа е активна во застапувањето на правата на културните работници и работи на реформирањето на културните политики во Северна Македонија. Тануровска е коосновачка на ЛОКОМОТИВА - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата и Танцовата академија „НОМАД“ (НТА).

[1] Goran Sergej Pristas, Exploaded Gaze, Mama, 2018
[2] Bojana Cvejić, “Towards A Poetics of Imagination: On Mette Edvardsen’s poetry and its penchant to imagine a clandestine side to things”, 2018
[3] Ana Dubljevic, The feminist pornscapes, on feminist dramaturgical thinking in dance and performance practice, Stanica, 2021, 35-44, и Jill Soloway, “Jill Soloway on The Female Gaze, Master class, TIFF 2016,”Tiff Talks. Tiff Talks, Streamed live on September 11th 2016, https://www.youtube.com/watch?v=pnBvppooD9I (37стр. Дубљевиќ)
[4] Ибид, 39
[5] Goran Sergej Pristas, Exploaded Gaze, Mama, 2018, 37-45pp
[6] Herve Juvin The Coming of the Body, 2005



ФЕМИНИСТИЧКИ ЗАЕДНО - КОМЕНТАРИ НА СОРАБОТНИЦИТЕ

Викторија Илиоска: ***Неопходните услови во кои уметниците создаваат***

Платформата за изведувачки уметности „ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ" е светла точка, патоказ од, и за потребите на независната изведувачка сцена во Македонија. Оваа платформа со самото тоа што нуди, истата и отвора прашања за неопходните услови во кои уметниците создаваат. Ова сметам дека е исклучително важно во испробување на било какви иднини на независната сцена, а особено кога станува збор за жените како авторки и феминистичката уметност. Во последниве неколку години се отвориј толку многу дискусии за тоа кој добива какви можности, кој е видлив, а кој упорно се обидува, но многу тешко добива глас и можност на сцената, и тоа и на таа кревка сцена што едвај опстанува во нашата држава.

Сепак ретко кој најде начин како што овој проект успеа, да создаде простор за тие прашања да се решат, и во исто време да создаде и понуди простор во кој нови млади уметници ќе можат да се претстават со своја работа. Нешто што би сакала особено да нагласам е идејата и можноста за соработка помеѓу авторки кои претходно веќе создавале свои авторски дела, и авторки кои за прв пат го прават тоа, на која гледам како можност за соработката која претставува простор за преговарање на разликите, постојано присутна во современите практики. Соработката како практика сама по себе, што значи да се направи нешто заедно, нешто што не може да се направи сам. Во овој процес, поимот соработка не е само работа, туку во исто време и тема на истражување.

Викторија Илиоска е кореографка и изведувачка, која од 2016 година живее во во Гизен, каде што заврши магистерски студии по кореографија и перформанс на Институтот за применети театарски студии. Илиоска активно работи на програми за поддршка и развој на современ танц и перформанс, соработувајќи со институции и зајакнувајќи ја независната сцена. Од 2010 година е членка на мрежата „Номад-танцова академија" и на „Локомотива". Играјќи со различни форми на провокација, таа се осврнува на поимите идентитет и политичка застапеност на жената во јавната сфера.

—

Билјана Радиноска: ***„Да се испроба"***

Ако некој од иднината го чита ова, претставете си ги најчудните времиња - некаква одложена сегашност, каде што настаните брзо се појавуваат, и еднакво брзо исчезнуваат. Во ваква фрагментирано отсутна реалност, се чини дека театарот и театарските уметности заедно со своите сестри од перформативните и визуелни уметности, влегоа во долго

очекуван, мечтаен процес на реизмислување на своите практики. Со цел придвижување кон своето време, кон со-времеността. Во таков дискурс, Платформата за испробување на феминистички иднини ги поддржува делата на Јована и Ангела, грижливо сместувајќи ги комплексностите на прво авторско дело во заеднички простор за испробување и поддршка. Низ пробите или, попрецизно, низ логиката „да се испроба", се гради една артикулација, се наоѓа местото во медиумот, се гради јазик на соработка, како што се гради и еден сценски јазик во кој женското тело се репозиционира од вртоглавите логики на досадниот патријархат. Од тука, во ова време и простор, со овие наши тела, одејќи низ истите ходници и дишејќи го истиот озон, имаме прилика да испробаме различни логики на постоење, дејствување, работење, бидување заедно. Во таков еден дух, би сакала да гледам на нашата изминатата работа како на прослава. Прослава на истрајноста и идејата, на емотивниот и интелектуален труд, на трудот од кујната и на оној од дневната.

Билјана Радиноска е театарска режисерка и детективка за драматургија која живее во Скопје и Амстердам. Дипломира театарска режија во 2011 година на Факултетот за драмски уметности во Скопје и до 2016 година, во нејзиниот роден град режира класични драми и пишува. Во 2018 дипломира на студиска програма во ДасТеатар, порано познат како ДасАртс - Амстердам. Во последните две години го развива форматот „Тристан" - инсценирање на публиката низ тензија на отсуство/ присуство и „Емоционални пејсажи" - драматуршка/ изведбена техника.

—

Ева Камчевска: *Овој пат „главниот" е Актерката*

Како драмски автор и драматург, немам многу можности да работам кај нас и постојано го имам она горко чувство дека не сум потребна. Кога ме повика Ангела, со која претходно работев на еден процес, и кога ми ја кажа темата, се заинтересирав да се вклучам. После неколку проби се обидов да создадам некаква структура од дотогаш дискутираното, да ги изврзам приказните, да дадам нешто свое. Веќе на следната проба, „писанието" не ми важеше. Излегуваа нови приказни, нови идеи, нови стратегии и структури. И така уште два месеца. Како драматург кого авторите обично го бираат донекаде го имам совладано она чувство дека идеите треба да бидат во функција и да се покорат на „главниот". Обично тоа е режисерот, овојпат актерката. Иако Ангела ни даваше целосна слобода, немаше опасност од скршување во правец кој неа не би ѝ се допаднал. Често, на пробите знаев да кажам дека јас и Милош сме „патерици" - тука сме да ја задржиме Ангела за да не падне додека пробува нешто ново, и да помогнеме ако е несигурна во нешто. Сепак, Анѓа го носеше сиот товар. Мислам дека поминавме многу значаен процес и посакувам да растеме уште и се надевам дека публиката ќе ужива во нашиот „рецепт".

Ева Камчевска е драматург и сценаристка. Во 2015 година, заминува на студии во Канада (Ванкувер) каде се усовршува за пишување сценарија за филм и ТВ. По враќањето во Македонија работи како слободен уметник,на проекти поврзани со филмот и театарот и се надева дека еден ден уметноста ќе биде ударна вест на ТВ дневникот.

Милош Андоновски: *(Ре)позиционирање*

На самиот почеток на процесот, не можев да се позиционирам бидејќи не знаев каква ми е улогата. Знаев дека моите режисерски вештини ќе бидат употребени во проектот на авторката, и чувствував дека се борам со тоа да се поставам себеси во нешто што не извира од мене самиот. Знам дека актерите најчесто се чувствуваат токму вака, сепак тоа едноставно не сум јас - затоа и одбрав да бидам режисер. Ние тројцата - Ангела, Ева и јас, имавме работено заедно и претходно, и се познававме меѓусебно. Се прашувам дали истиот ваков „модел" би бил еднакво пријатен, како што се покажа за нас тројцата, кога би се применил во некоја друга констелација на луѓе. Се чувствував опуштено, пријатно и без притисоци додека соработував на „СРАМ" бидејќи јас не бев тој што го носи последниот збор. Тоа беше внатрешна битка што ја водев самиот со себе, да се ослободам од тоа да „бидам главен." Сепак, ако во нешто сум уверен тоа е дека за делото да порасне во одреден момент некој треба да донесе одлука.

Милош Андоновски е театарски режисер и професор. Дипломирал театарскарежија на Факултетот за драмски уметности во Скопје (2015), а магистрирал театарска уметност на Универзитетот на Кент во Англија, како Чивнинг стипендист на Обединетото Кралство (2021). Режира во институционалните театри и на локалната независна сцена. Активно е вклучен и работи на подобрување во формалното и неформалното театарско образование во Северна Македонија.

—

Бобан Русески: *Прилика за младите и независни уметници*

Нашата соработка со Јована трае веќе долго време, се познаваме и креираме веќе десетина години. Задоволен сум од целиот процес и се радувам што имавме многу различни коментари по претставата. Она што е различно за овој процес е дека имавме подолг временски период од вообичаено и низ него имавме многу моменти на разгледување различни идеи, промени на концептот и креативни размени. Чест ми беше што имавме шанса да соработуваме со ментори и да испробаме различни видувања и процеси на работа. Мислам дека ваквите платформи се одлична прилика за младите и независни уметници да се изразат и да имаат прилика да го пласираат својот креативен продукт.

Бобан Русески е танчер и кореограф. Развива авторски кореографски дела и е активен член на Скопје танцовиот театар со кој има остварено 20 продукции со повеќе од 60 изведби на познати фестивали низ земјата и странство. Во 2021 година Бобан го кооснова танцовото здружение „Икс на квадрат".

Емилија Чочкова

Беше предизвик, но и забавно да се следи процесот на создавање перформанси на две силни жени и изведувачки од речиси „ништо"- само идеја. Со своите огромни потенцијал и креативност, Ангела Стојановска и Јована Зајкова направија перформанси со кои можеме сите, како тим, да се гордееме.

Иницијативата на Тиииит! Инк. мора да продолжи да се развива и понатаму.

Емилија Чочкова дипломира на катедрата за продукција на Факултетот за драмски уметности во Скопје, 2005 година. Во периодот од 2005 до 2015 година, работи во ТВ „Телма" како програмски координатор. Од 2005 до 2010 година работи и како извршен директор на Центар за драмски уметности „Т -Хаус" и Културниот центар „ЦК" каде менаџира повеќе од 100 културни настани годишно. Во 2015 година ја основа компанијата АРТ ПРОЕКТ ЛАБ. Таа е креатор и продуцент на ТВ серијата „Фамилијата Марковски" како и продуцент на перформансот „Драга Република". Во 2014 година е учесник на програмата на EAVE- European Audiovisual Entrepreneurs, а во 2015 на Berlinale Talents.



НИЗ КРЕАТИВНИОТ ПРОЦЕС СО АНГЕЛА СТОЈАНОВСКА И ЈОВАНА ЗАЈКОВА

Перформансот во рамките на Платформата за изведувачки уметности на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО - ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ е вашиот прв авторски проект. Како оваа улога на самостојни авторки влијаеше врз процесот на создавање и обмислување на перформансот?

Ј: Целиот процес на пронаоѓање, дефинирање, развивање и претставување на моите идеи и замисли на сцената несомнено би го нарекла предизвик, но од оние убавите кои со себе носат големи придобивки, па навистина сум многу среќна што ми беше дадена шанса да бидам дел од оваа платформа. Се чувствувам дека ваквите предизвици, кои ме втурнуваат во нешто ново и непознато, ми дозволуваат да пораснам и како уметник и како човек.

А: Уште кога аплицирав на повикот, ми беше јасно што и на кој начин сакам да работам. Но на почетокот не можев во целост да ја сфатам слободата која ми е дадена, па откако ја сфатив мислам дека почнав да се „кочам“. Чувствував преголем притисок од зборот „автор“, верувам, затоа што досега не сум се нашла во таква позиција. Тоа не беше лошо, напротив - ми дозволи да сфатам колку ваквиот начин на функционирање недостасувал во мојот театарски свет и се надевам дека во идинина ќе успеам да задржам делови од истиот.



Бидувањето дел од овој проект подразбира и поддршка и повратни информации од лица кои се дел од Платформата. Ваквата динамика е осмислена намерно, за да отстапува од вообичаените театарски хиерархии, а да го задржи вашиот креативен правец. Каде се поклопуваат присуството на ваквата поддршка и идејата за самостојност и автономија во креативниот процес?

Ј: Морам да признаам дека почетокот беше малку чуден за мене, особено со оглед на тоа дека целата комуникација помеѓу мене, Ангела, и менторките Билјана Радиновска и Викторија Илиоска беше онлајн, а беа споделувани доста лични идеи и размисли. Сепак, со тек на време успеавме да остваримe многу убава и продуктивна размена која ми помогна многу во целиот работен процес. Не чувствувам дека автономијата на креативниот процес беше ставена под прашалник, напротив - ваквата комуникација ми овозможи да ја погледнам сликата од поинакви агли, да си одговорам на прашања за кои воопшто не бев свесна дека постојат и да разгледам многу нови принципи на работа, а сепак јас ги носев крајните одлуки во врска со претставата. Од друга страна, во целиот практичен работен процес беше вклучен и мојот соработник и партнер на сцената, Бобан Русески, со кој изнаоѓавме многу кореографски решенија преку меѓусебна комуникација. Верувам дека доколку наместо Бобан, некој друг беше дел од претставата, таа ќе изгледаше сосема поинаку, па можам да кажам дека во моментов е скроена баш по наша мерка. Ми беше задоволство да работам со целиот овој тим и се надевам дека ќе останеме во соработка и комуникација и ќе твориме заедно понатаму.

А: Ми требаше време да научам да ги користам знаењата и искуствата на Вики и Бици. Мислам дека сè уште не успевам до крај да го направам тоа. На едно национално ниво, барем во театар, не сме научени да отвораме процеси и да работиме со луѓе надвор од установените пракси. Јас знаев дека нема да можам да работам сама, кога веќе одбрав да бидам сама на сцена. Од сите досегашни искуства, знаев дека ми треба директна поддршка на пробите, која ја побарав и добив од Ева Камчевска и Милош Андоновски. Знам дека сите се тука за да ми дадат можност да го направам она што сакам на најдобар можен начин. И сето тоа е една исклучително привилегирана позиција, која им ја посакувам на моите колешки.

Меѓудругото, платформата има за цел да ослободи простор каде уметниците ќе ги креираат своите перформанси без да размислуваат на неодложните логистички прашања, кои што често ги обременуваат независните продукции и можат да влијаат на квалитетот. Како отсуството на оваа препрека се одрази врз вашиот креативен процес?

Ј: Логистичката поддршка во работниот процес е нешто не толку карактеристично за уметничката работа на нашиве простори, па колку и да звучи смешно, на почетокот ми требаше време да се навикнам на фактот дека постои некој со задача да го следи работниот процес и да ми помага.



Откако сфатив дека всушност овој пат не морам да правам сè сама и да бидам на две места истовремено, и откако помина првобитниот шок, почувствував огромна слобода да се посветам на креативниот процес целосно и тоа ми беше едно од најубавите искуства. Се надевам дека ваквиот тип на работа ќе стане дел од нормалата при развивањето на независни продукции и дека на уметниците ќе им се овозможи да бидат уметници.

А: До сега никогаш не сум ја имала можноста, до овој степен да можам да се посветам на создавање на нешто креативно. Ваков треба да биде секој процес, секаде. Секогаш сум имала некои технички аспекти кои сум ги водела паралелно, сум барала некакви ресурси, а сега имам луѓе кои се тука токму за тој тип на поддршка. Ја паметам првата средба со Кика, Јана и Јована, кога детално ни објаснија како ќе се одвива логистичкиот аспект и тогаш реков, и еве, ќе повторам и во оваа прилика - „Ми падна камен од срце“.

За Ангела: Твојот перформанс, би рекла, културолошки прецизно гаѓа по и се наметнува на дебатата за физичкиот изглед и женското тело - неодделиви аспекти од сликата за себе. Каде го гледаш уделот на твојот перформанс во рамките на оваа јавна дебата?

А: Мислам дека театарската фела, на еден затскриен и индиректен начин зборува за тоа како треба да изгледа тело на една беспрекорна актерка. Тоа започнува од процесот на приемните испити, трае во текот на нашите студии и се разбира, продолжува... засекогаш. Чудно е да се чувствуваш помала поради својата големина, сум била таму, верувам дека сите во својот живот биле таму. Јас би била среќна ако создадам простор во кој ќе може да дискутираме за тоа дека начинот на кој изгледаме не нè прави „помалку“.

За Јована: Гледајќи го твојот перформанс, неизбежно ми се отвориja прашања за женскиот идентитет и како општествените и родовите норми го вајаат и наградуваат, а потоа казнуваат. Како гледаш на овие прашања преку твојот перформанс?

Ј: На самиот почеток на развивање на идејата случајно налетав на книгата на Виктор Франкл со наслов “Човековата потрага по значење”. Ова е безвременска, многу опширна и длабока тема, и невозможно е да се прикаже во една претстава. Затоа, се обидов да истражам само еден мал дел и фокусот го ставив на позицијата на жената во денешницата. Си го поставив прашањето - Што значи да бидеш доволно? Доволно убава, паметна, успешна, секси? Сфатив дека голем дел од овие параметри се дефинираат според мислењето на општеството кое нè опкружува, а во денешно време огромно влијание на оваа слика имаат социјалните медиуми и сета динамика која се одвива таму.

Сметам дека денес сме подложени на многу притисок кој свесно или несвесно нè моделира во тоа што сме, или она што си го претставуваме, и дека оваа состојба често доведува до едно мртвило и исклучување од самите себе, нешто што Франкл го нарекува ‘емотивна правосмукалка’. Во оваа претстава повикувам да се запрашаме колку сликата за нас и она што го претставуваме е вистинска и колку се чувствуваме (не)удобно во неа.



Каде ја гледате иднината и местото на независните платформи како оваа и што значат тие за уметниците и учесниците во перформативните уметности?

Ј: Независната танцова сцена во земјава едвај опстојува и ретко се издвојуваат финансии за вакви проекти, а особено за млади уметници кои допрва треба да се докажат. Сведоци сме на бројни случаи каде наши колеги - талентирани, способни, млади, уметници се приморани да најдат друга професија со цел да имаат некаква финансиска стабилност. Затоа сметам дека ваквите платформи се од клучно значење за развојот на независната сцена и поддршка на младите уметници, и многу сум им благодарна на Тиииит Инк. и Прво па женско за приликата да бидам дел од истата.

Би сакала ова да биде само почеток и да прерасне во сцена што ќе функционира со постојан репертоар и ќе обезбеди можности за уметниците, како и нова, свежа енергија за публиката.

А: Ваквите платформи мора да опстојат. Ги гледам како ретка искра надеж на независната сцена. Тешко е да работиш креативна работа ако ги немаш ресурсите за истата. Платформата за изведувачки уметности го овозможува токму тоа, - целосно препуштање на креативната работа и искрено се надевам дека ова е само почетокот.

Разговорот го водеше **Елена Петрова.** Елена има дипломирано на Катедрата за англиски јазик и книжевност во Скопје, а моментално е студентка на магистерски студии за англиска книжевност и културолошки студии. Преведувачка е и авторка на текстови поврзани со феминизмот, а моментално работи како дел од тимот на Тиииит! Инк.



ПРВО ПА ЖЕНСКО
Фестивал за феминистичка култура и акција

ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ
платформа за изведувачки уметности

Уредничка на изведувачката програма и на платформата: Кристина Леловац
Координаторка на активностите на платформата и уредничка на каталогот: Јана Старделова
Јазична редакција и превод на англиски јазик: Магда Ориќанска
Фотографии: Драгица Николовска и Соња Ставрова
Дизајн: Матеја Николиќ (fabricca)

Платформата ИСПРОБУВАЊЕ ФЕМИНИСТИЧКИ ИДНИНИ е финансиски поддржана од The Kvinna till Kvinna Foundation и FRIDA | The Young Feminist Fund и се реализира во соработка со Меѓународниот театарски фестивал МОТ. Активностите на платформата се поврзани со програмата на проектот „Жени за жени“ #wowprogram и проектот Пич Прич кои ги реализира Тиииит! Инк. и кои имаат за цел да придонесат кон унапредување на јавниот интерес за родовите прашања и поголемо присуство на жените во јавната сфера. Проектот „Жени за жени“ (WoW – Women on women), поддржан од Програмата Креативна Европа на Европска Комисија, Тиииит! Инк. го спроведува во партнерство со Mesto žensk од Љубљана, VoxFeminae од Загреб и Outlandish Theatre Platform од Даблин.






REHEARSING
FEMINIST
FUTURES
Performing Arts Platform
FIRSTBORN GIRL
Festival of Feminist Culture and Action

Performing Arts Platform

REHEARSING FEMINIST FUTURES

FIRSTBORN GIRL
Festival of Feminist Culture and Action

MAKING THEATRE[1] - THE FEMINIST WAY

As the only festival of feminist culture and activism in the country, in its interdisciplinary program FIRSTBORN GIRL merges different approaches in the rethinking and representation of gender in art and critical practices, through which dominant narratives are being reexamined, stereotypes are being objected and the inclusive space where the voice of various minorities become part of the mainstream is being maintained. The key objective of the performance program of FIRSTBORN GIRL has always been to motivate the local performance scene, to see a more frequent, aware and bold presentation of the female experience, reexamining constructed female identity and interpretation of the personal as political.

